BRIMA DOO
III Mak. Brigada bb (Upravna zgrada Rade Koncar)
PO box 593, 1000 Skopje MACEDONIA
VAT No. MK 4030999372067
Tel/fax: ++389(02) 2461848
E-mail: office@brima.com.mk
Web www.brima.com.mk

ПОЛИТИЧКИ БАРОМЕТАР

Септември 2011

- Перцепција на граѓаните за правецот во кој се движи земјата и оценки за работата на Владата

ПОЛИТИЧКИОТ БАРОМЕТАР на БРИМА[1] е дел од Омнибус истражувањето кое се спроведува повеќе пати во годината во кое се опфатени повеќе теми од сферата на социолошки, политички, маркетиншки и медиумски прашања. Политичкиот Барометар се реализира со стандардизирана батерија прашања кои се однесуваат на клучните аспекти на актуелната политичка ситуација во земјата.

Во ова издание на Политичкиот Барометар на БРИМА се прикажани резултатите за перцепција на граѓаните за правецот во кој се движи земјата и оценките за работата на Владата од последниот Омнибус реализиран во периодот од 1 до 7 септември 2011 година.

МЕТОДОЛОГИЈА

Наодите се засновани на одговорите на репрезентативен примерок кој опфаќа 1163 анкетирани полнолетни граѓани на Република Македонија на возраст 18+ години, маргина на грешка:+/-2.87%. Користени се различни методи при заокружувањето на податоците во цели бројки и поради тоа во табелите и во другите носители на податоци, прикажаните бројки може да се разликуваат за процент при собирањето на разни полиња.

Дизајн на примерокот: повеќестепен стратификуван случаен примерок според податоците од Државниот Завод за Статистика за проценки на населението во Република Македонија на 31 12 2009 г. Примерокот е репрезентативен според пол, возраст, национална припадност, место на живеење во 8-те региони во Република Македонија. Демографијата на анкетираните опфаќа и образование, работен статус, занимање, број на членови во домаќинството и месечни приходи.

Теренската работа (интервју лице в лице) е спроведена од страна на повеќе од 80 анкетари и 14 супервизори на БРИМА во над 170 сектори (sample points) во општините ширум земјата.

RR (Response Rate - стапка на прифаќање на интервју се пресметува според формула за релациите помеѓу посетени адреси, остварени контакти со граѓаните според стандардна процедура во рамките на планираниот примерок и комплетирани интервјуа)

2011 RR(септември) = 74.3%

[1]БРИМА е Македонски член на Gallup International Association од 2002 година.

Прцепција на граѓаните за правецот во кој се движи земјата

Резултатите од истражувањата спроведени на крајот на април[2] и почетокот на септември оваа година укажуваат дека во периодот помеѓу истражувањата се случиле значајни промени во климата на јавното мислење во земјава. За 14 процентени поени се зголемил бројот на анкетирани граѓани кои во септември оцениле дека земјата се движи во правилна насока (42%) во однос на 28% кои така гледале на состојбата во земјата на крајот на април годинава. Од друга страна за 15 процентни поени се намалил бројот на анкетирани граѓани кои оцениле дека земјата се движи во погрешна насока од 62% во април на 48% во септември.

Генерално земено, дали мислите дека работите во нашата земја се движат во правилна или погрешна насока?

Работите во нашата земја се движат во:	април 2011	септември 2011	разлика септеври – април 2011
правилна	28%	42%	+ 14%
погрешна	64%	49%	- 15%
одбива да одговори	1%	1%	0%
не знае	7%	8%	+1%
Вкупно	100%	100%	

Тенденциите во промените на перцепцијата на анкетираните граѓани се рефлектираат и врз промените за оценките за севкупната работа на Владата. Просечната оценка за работата на Владата во април изнесувала 2.44 (на скала на оценување од 1 до 5) а на почетокот на септември годинава 2.78. Тестирањето на зголемената просечна оценка за 0.34 покажува дека оваа разлика е статистички значајна.[3]

[2] Априлското истражување е спроведено од 22 април до 2 мај 2011г. во кое се анкетирани со репрезентативен примерок 1160 полнолетни граѓани во Република Македонија .

[3] $t = 6.52$ $df = 2203$ $p < 0.05$ ($CR > 1.98$)

Која оценка би ја дале за севкупната работа на сегашната Влада употребувајќи ја скалата на оценување што се користи во училиштата во Македонија, каде што 1=незадоволително, а 5=одличен,?

Оценка за севкупната работа на сегашната Влада	април 2011	септември 2011	разлика септеври – април 2011
1 незадоволително	29%	18%	- 11%
2 задоволително	20%	18%	- 2%
3 добро	27%	33%	+ 6%
4 многу добро	12%	16%	+ 4%
5 одлично	6%	10%	+ 4%
Не знае	5%	5%	0%
Вкупно	99%	100%	
Просечна оценка	**2.44**	**2,78**	**+ 0.34**

- Во просечната оценка одговорите "не знае" не се вклучени
- Заради правилата во заокружувањето на процентите во цели броеви отстапувањето може да се движи од 99% до 101%

Податоците од истражувањето спроведено пред почетокот на предизборната кампања за предвремените парламентарни избори спроведени во јуни оваа година покажува дека анкетираните кои тогаш сметале дека земјата се движи во правилна насока работата на Владата ја оцениле со просечна оценка 3.35 а три месеци по изборите просечната оценка во овој сегмент на јавноста се зголемила за 0.22 и изнесува 3.57. Од друга страна во сегментот на јавноста кој смета дека земјата оди во погрешна насока и пред и по изборите, во просек оценката за Владата е значително пониска, во април изнесува 2.02 а во септември 2.15, но и помеѓу нив просечната оценка се зголемила за 0.13. Иако ова зголемување е значително помало фактот што и во двата сегмента е дојдено до зголемување на просечната оценка дава основа да се заклучи дека овие промени отсликуваат атмосфера на постизборен оптимизам во јавноста.

Понатамошната анализа на податоци покажува дека просечната оценка за работата на Владата во електоратот иако е со тенденција на зголемување во сите сегменти на електоратот останува хетерогена и пред и по изборите. Највисока просечна оценка за работата на Владата даваат поддржувачите на ВМРО ДПМНЕ (3.90 пред и 4.01 по изборите).

Во сите останати сегменти просечната оценка за работата на Владата е помала од 3.0. По изборите во овие сегменти од електоратот присутни се две тенденции:

- Едната тенденција е просечната оценка за работата на Владата да се приближува кон оценката добар (3.0) и е присутна помеѓу поддржувачите на ДУИ (2.51 пред изборите; 2.79 по изборите), неопределените (2.15 ; 2.80), оние што одбиваат да одговорат на прашањето за која партија се спремни да гласаат (2.46 ; 2.77).

-Втората тенденција покажува што и покрај одредено зголемување на просечната оценка, таа останува и понатаму на ниво кое се наоѓа во зоната на изразување на незадоволство од работата на Владата.

Најмалку задоволни од работата на Владата се поддржувачите на СДСМ (1.73: 1.96), потоа поддржувачите на другите партии (1.86; 2.05), ДПА (1.84; 2.17) и потенцијалните апстиненти (1.89; 2.11).

Доколку се одржат парламентарни избори денес, за која политичка партија ќе гласате?	**Просечна оценка за работата на Владата**		**разлика септеври – април 2011**
	април 2011	**септември 2011**	
ВМРО ДПМНЕ	**3.90**	**4.01**	**+ 0.11**
СДСМ	**1.73**	**1.96**	**+ 0.23**
ДУИ	**2.51**	**2.79**	**+ 0.28**
ДПА	**1.84**	**2.17**	**+ 0.33**
Друга партија	**1.86**	**2.05**	**+ 0.19**
Неодлучен	**2.15**	**2.62**	**+ 0.47**
Нема да гласа	**1.89**	**2.11**	**+ 0.22**
Одбива да одговори	**2.46**	**2.77**	**+ 0.31**
Не знае	**2.42**	**2.80**	**+ 0.38**
Просечна оценка	**2.44**	**2,78**	**+ 0.34**

Серијата податоци кои се однесуваат на социјално – економските прашања покажуваат дека постизборниот оптимизам го одредува тенденцијата на намалување на бројот на граѓани кои оцениле дека економската ситуација им се влошила во текот на минатата година за 13 процентни поени на сметка на зголемување за 10 процентни поени на бројот на оние кои оценуваат дека останала непроменета.

Гледано една година наназад, дали сметате дека економската ситуација во вашето домаќинство е подобра, скоро иста или полоша отколку пред една година?

Гледано една година наназад економската ситуација во вашето домаќинство е :	**април 2011**	**септември 2011**	**разлика септеври – април 2011**
подобра	**15%**	**17%**	**+ 2%**
скоро иста	**37%**	**47%**	**+ 10%**
полоша	**47%**	**34%**	**- 13%**
одбива да одговори	**0%**	**1%**	**+ 1%**
не знае	**1%**	**1%**	**0%**
Вкупно	**100%**	**100%**	

Со слична структура се и промените за очекувањата за наредната година со тоа што варијациите на одговорите помеѓу двете истражувања се со помали амплитуди.

Гледано една година нанапред, дали сметате дека економската ситуација во вашето домаќинство ќе биде подобра, скоро иста или полоша отколку денеска?

Гледано една година нанапред економската ситуација во вашето домаќинство ќе биде:	април 2011	септември 2011	разлика септеври – април 2011
подобра	33%	36%	+3%
скоро иста	28%	35%	+7%
полоша	31%	23%	- 8%
одбива да одговори	0%	1%	+1%
не знае	8%	6%	- 2%
Вкупно	100%	101%	

Друг фактор кој истотака влијае на формирањето на вкупната клима во јавното мислење е и оценката на граѓаните за нивната куповна моќ. Споредбата на резултатите од истражувањата покажуваат дека сликата за куповната моќ на граѓаните во целина иако со благи промени во основа останува непроменета.

Кое од следново се однесува на Вас :	април 2011	септември 2011	разлика септеври – април 2011
можам да купам се што сакам	2%	2%	0%
можам да купам нешто повеќе од неопходното	17%	21%	+ 4%
можам да го купам само неопходното	56%	54%	- 2%
неможам да го купам дури ни неопходното	23%	22%	- 1%
одбива да одговори	1%	1%	0%
не знае	1%	1%	0%
Вкупно	100%	101%	

Помалку од секој четврти анкетиран граѓанин во просек во двете истражувања изјавува (19% пред изборите , 23% по изборите) дека е во можност во целост да ги задоволи своите потреби додека ¾ од нив (79% пред изборите , 76% по изборите) дека се на работ на можностите да го купат само она што им е неопходно или дека не се во можност да го купат дури и неопходното.

Деталната анализа покажува дека помеѓу анкетираните Македонци е изразена тенденцијата и подобро и похомогено да ја оценуваат работата на Владата по изборите, со централна тенденција оценката на Владата да варира околу оценката добар: од 3.13 помеѓу оние кои можат да купат се што сакаат до 2.94 помеѓу оние кои неможат да го купат ни неопходното, за разлика од похетерогеното оценување на работата на Владата пред изборите со оценката 3.43 помеѓу оние кои можат да купат се што сакаат до 2.47 кои неможат да го купат ни неопходното.

За разлика од тоа помеѓу анкетираните Албанци оценката за работата на Владата и пред и по изборите е пониска и похетерогена. Помеѓу анкетираните Албанци пред изборите најмалку задоволни од работата на Владата се оние кои не можат да го купат ни најнеопходното (1.36) а најповолно ја оцениле оние кој можат да купат повеќе од неопходното

(2.48). По изборите просечните оценки се поголеми: 2.03 кај оние кои не можат да го купат ни неопходното до 2.73 помеѓу оние кој можат да купат и нешто повеќе од неопходното. Интересен наод од двете истражувања преставува тоа што Албанците кои можат да купат се што сакаат даваат ниска просечна оценка за работата на Владата: 1.47 пред и 1.82 по изборите.

БРИМА
30 09 2011 г.